# ПЕТИЦИЈА

ЛЕНКА

ЗДРУЖЕНСКА

**Бараме почитување на репродуктивните права!**

**Бараме почитување на основното право на секој човек слободно и самостојно да одлучи за тоа дали, кога и колку деца ќе има!**

**Репродуктивните одлуки треба да бидат ослободени од секаков вид дискриминација или присилба!**

Секојдневно сме изложени на агресивно промовирање на ретроградни, патријархални вредности и стереотипни улоги за жените и мажите. Медиумската агресија води кон ограничување на индивидуалната слобода, насилно наметнување идентитети, приоритети и животни стилови. Во име на традицијата и конзервативизмот, се промовираат идеи кои ги загрозуваат стекнатите придобивки на општествениот и на социјалниот развој.

Репродуктивните права не се и не смеат да се сметаат како „самоволие на жените". Репродукцијата е најчувствителното политичко прашање кое со векови е средство за манипулација и злоупотреба. Ова прашање предолго служеше за создавање и репродуцирање систем кој ги обезвреднува и ограничува различните индивидуални потенцијали на жените.

Одговорното општество мора да промовира и да формулира политики кои обезбедуваат услови и грижа за личната, социјалната, културната, политичката и економската рамноправност за сите!

Општеството мора да обезбеди и услови во кои жената ќе има право да ја испланира својата бременост, а со тоа и остатокот од сопствениот живот.

## ПОРАДИ ОВА ГИ ПОВИКУВАМЕ:

### СОБРАНИЕТО (и надлежните комисии):

- Да застане цврсто против носењето закони кои се спротивни на Уставот како највисок правен акт;
- Да спречи усвојување на дискриминаторски законски решенија кои не се во согласност со меѓународно ратификуваните конвенции;
- Да преземе активна улога во промовирањето на репродуктивните права и правото на еднакво уживање без дискриминација и присилба.

### ВЛАДАТА:

- Да ги преиспита политиките за зголемување на наталитетот и инструментите за нивна реализација;
- Да ги напушти програмите за промовирање на селективно професионално мајчинство и практиката на нерационално трошење буџетски средства за морализирачки кампањи со религиозна содржина;
- Да ги промовира сексуалните и репродуктивните права и механизмите за нивна заштита, наместо идеологијата на конзервативизмот и демохристијанството;
- Да развива ефективни политики и програми за олеснување на пристапот на жените на пазарот на труд, унапредување и заштита на нивните права од работен однос, социјална инфраструктура и поддршка за усогласување на семејниот со професионалниот живот.

### НАДЛЕЖНИТЕ МИНИСТЕРСТВА:

- Да бидат транспарентни и да формулираат јасен став за прашањата кои задираат во репродуктивните права;
- Да ги планираат и да ги аргументираат политиките врз основа на научно издржани анализи и предвидување на можните негативни последици од нивната примена, а во консултации со експертската јавност;
- Да обезбедат достапност на средствата за контрацепција, можност за прекин на несакана или непланирана бременост и достапна и безбедна медицинска интервенција во акредитирани установи.

### СОВЕТОТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА:

- Да води грижа за соодветно спроведување на програмските стандарди кај радиодифузерите, во согласност со неговиот мандат како независно регулаторно тело со јавни овластувања;
- Да презема мерки за санкционирање на непочитувањето на принципот на еднаквост на слободите и правата, независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло.